Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-505/6
Датум: 10-12-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-505/1 од 13.6.2025 година поднесена од ----- преку полномошник адвокат ----- против ----- за заштита од дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на лично својство и општествен статус во областа на работата и работни односи од страна на ----- врз -----.

## О б р а з л о ж е н и е

На 13.6.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација, од страна на подносителот ----- преку полномошник адвокат ----- против ----- за заштита од дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи.

Од наводите во претставката произлегува дека подносителот, проф. д-р ----- е долгогодишен вработен доктор – специјалист ----- во -----, во состав на -----. Тој бил првиот директор на оваа установа и дал значителен придонес при нејзиното основање, како и во последователниот развој на ----- дејност во државата. Понатаму, се посочува дека во ----- тим предводен од подносителот ја реализирал првата успешна ----- во Република Северна Македонија. Од наводите во претставката произлегува и тоа дека, и покрај професионалната квалификација и долгогодишната работа на подносителот, истиот се соочува со недостиг од основни услови за вршење на работните задачи. Се наведува дека на подносителот повеќе ја нема канцеларијата што претходно ја користел за прием и преглед на пациенти, а предметите од неговата канцеларија биле префрлени во подрумски простории на установата. Во претставката се укажува дека сите други доктори во установата располагаат со сопствени работни простории, со што подносителот е единствениот кој е лишен од таков услов.

Во претставката се наведува и дека подносителот е единствениот доктор кому му бил одземен службениот лаптоп, иако кај останатите доктори ваква мерка не е преземена. Дополнително, од наводите произлегува дека подносителот е единствениот ----- во Клиниката кој не располага со хируршка лупа, специјализирана опрема неопходна за безбедно и стручно извршување на оперативни зафати. Се истакнува дека претходно користената хируршка лупа била насилно уништена од друго вработено лице, а дека

работодавачот, и покрај изразеното барање на подносителот, не му обезбедил нова лупа, иако во други идентични ситуации таква опрема била набавувана за други вработени.

Во претставката се наведува дека ваквото постапување резултирало со ставање на подносителот во понеповолна положба во однос на другите вработени во установата, особено во поглед на пристап до основни услови за работа и неопходна медицинска опрема. Според наводите, овие околности упатуваат на можна директна дискриминација врз основ на лично својство или општествен статус на подносителот. При тоа, се посочува дека причината за тоа треба да се бара во фактот што подносителот бил првиот директор на оваа здравствена установа и доктор што учествувал во првиот оперативен зафат – првата успешна -----. Во таа насока, во претставката се посочува и на воспоставената пракса на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, при што е приложено и Мислење бр. 08-76/1 од 15.1.2024 година.

Во прилог на претставката беа приложени:

- Полномошно;
- Извадок од статија, објавена на официјалниот портал на Министерството за здравство на ----- година;
- Извадок од новинарска статија од ----- година и
- Мислење на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација бр. 08 – 76/1 од 15.1.2024 година.

На 18.6.2025 година, согласно чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ја достави претставката за произнесување до -----.

До Комисијата беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од -----. Во истиот најпрвин се појаснува околу просторните услови со кои располага клиниката, и тоа дека функционира во простор што е делегиран од страна на -----. Се појаснува дека во рамки на тој ограничен простор, на располагање има само една амбуланта, во која сите доктори, без исклучок, ги извршуваат прегледите и разговорите со пациентите. Во периодот кога проф. д-р ----- ја вршел функцијата медицински директор, привремено била доделена дополнителна просторија, која понатаму била адаптирана во две канцеларии - една за потребите на директорот и една мултифункционална просторија што се користи од страна на докторите за состаноци, седници, консултации со пациенти и сл. Изрично се потенцира дека ниту еден доктор не располага со своја индивидуална канцеларија, вклучително и сегашниот директор, што се должи на објективните просторни ограничувања. Во однос на тврдењето на подносителот што се однесува на службените компјутери и лаптопи, во поднесокот се наведува дека истото не одговара на фактичката состојба. Според фактичката ситуација и според интерната евиденција на клиниката, докторите не

располагаат со лични службени лаптопи. Во просториите на клиниката се наоѓаат неколку стационарни компјутери (персонални компјутери), поставени на следните локации:

- канцеларијата на директорот;
- лекарската соба;
- амбуланта;
- сестринската соба;
- собата пред интензивна нега;
- одделот за интензивна нега и
- предоперативната зона.

Според наводите од поднесокот сите овие уреди се наменети за заедничка употреба од страна на медицинскиот и административниот персонал и се користат исклучиво за службени цели и за работа со пациентски податоци. Се тврди дека не постои пракса на доделување индивидуални уреди на кој било од вработените. Во однос на лаптопот кој го споменува подносителот, наведуваат дека како клиника немаат никаква официјална евиденција за неговото доделување, ниту пак одземање. Се наведува дека доколку станува збор за уред набавен во време кога тој бил директор, очекуваат да постои записник за примопредавање, што досега не бил доставен. Во однос на хируршките лупи (оптичка хируршка опрема) известуваат дека согласно техничката евиденција за медицинска опрема на клиниката, секој хирург располага со еден пар хируршки лупи. Се напоменува дека станува збор за персонализирана и скапа опрема која се користи исклучиво од поединецот на кој му е доделена. За конкретниот случај на проф. д-р -----, според евиденцијата на јавните набавки и интерната распределба, се наведува дека е корисник на два пара хируршки лупи, кои биле заведени на негово име и доставени за негова работа во претходен период. Врз основа на наведеното во поднесокот се резимира дека клиниката постапува еднакво и непристрасно кон сите вработени, согласно начелата на професионалност, ефикасност и недискриминација, а во однос на наводите во претставката се тврди дека не се засновани врз факти, туку врз лични перцепции и субјективни толкувања на поранешниот директор. Се наведува дека во клиниката не се преземени мерки или активности кои би укажувале на постоење дискриминација врз основа на личен или професионален статус на било кое лице. Дополнително, се укажува дека поднесувањето претставки без фактичка и релевантна основа ја нарушува репутацијата и интегритетот на здравствената установа, неоправдано ги оптоварува институционалните ресурси, човечките капацитети и времето на надлежните органи, како и претставува недозволива злоупотреба на законските механизми за заштита од дискриминација.

Во прилог на поднесокот за произнесување доставени се следните докази:

- Фотографии од две футроли за хируршки лупи со изгравирано име и
- Одговор од ----- за намената на нарачаните хируршки лупи за проф. д-р -----.

На 30.9.2025 година, согласно надлежностите регулирани во член 30 став 2 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, претставници на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по претходно известување извршија непосреден увид во -----. На истиот направија увид во просториите на здравствената установа и извршија разговор со ----- – главна медицинска сестра и ------ советничка за правни работи. Средбата беше одржана заради утврдување на фактичката состојба поврзана со работните услови на подносителот на претставката проф. д-р ----- во -----. На почетокот, претставниците на Комисијата ја појаснија целта на увидот, надлежностите на Комисијата, постапката за донесување на одлуки во Комисијата, како и потребата за увид во работните услови, просториите и опремата. Претставничките на здравствената установа известија дека во ----- има вкупно ----- доктори, од кои ----- се -----. Единствено подносителот на претставката е професор доктор. Појаснија дека се свесни за обврската од Законот за високото образование во однос на обезбедување на простории и опрема за остварување на високообразовна и научно – истражувачка дејност, но дека истото е практично невозможно. Појаснија дека здрвавствената установа располага со:

- Амбуланта која служи за преглед на пациенти и истата ја користат сите доктори по принцип на ротација;
- Болнички дел во кој се сместени пациентите и во кој има импровизиран стаклен дел (кој не е канцеларија, туку заедничка просторија и најчесто ја користат медицинските сестри) и
- Две канцеларии кои се мултифункционални и ги користат сите вработени, согласно потребите. Една од овие две канцеларии формално е канцеларијата на директорот, но ја користат сите вработени. Истото беше видно забележано на самиот увидот, кога во оваа канцеларија беа затекнати три лица од вработениот персонал.

Оттука се заклучи дека докторите користат заеднички работни простории, а канцелариите се повеќенаменски и ги користат сите вработени. Односно, ниту еден доктор нема засебна канцеларија, а дури и канцеларијата на директорот ја користат сите вработени. При разговорот беше потенцирано дека дури и кога подносителот бил директор, праксата била иста. Претставниците на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација побараа податоци во однос на лап топ компјутерите во здравствената установа, колкав број поседуваат и дали докторите имаат персонални компјутери. На тоа добија одговор дека целата клиника располага со 3 лап топ компјутери кои се наменети за организациските и административните обврски на клиниката. Изрично беше потврдена дека ниту еден доктор нема персонален лап топ. Во двете канцеларии, во делот на интензивна нега и сестринската просторија има статични компјутери кои се користат од страна на сите вработени. Во врска со

хируршките лупи претставничките на клиниката се повикаа на наведеното во произнесувањето дека докторот е корисник на два пара хируршки лупи кои се заведени на негово име и доставени за негова работа. Појаснија за процесот за нарачка и изготвување на истите, како и дека лупите мора да бидат направени согласно диоптријата на докторот кој ги користи, односно дека секој пар лупи се адаптирани на конкретниот доктор. Оттука лупите кои се доставени на доктор -----, може да ги користи само тој. Претставниците на Комисијата побараа информации околу службените телефони и добија одговор дека сите доктори користат службени броеви и телефони, вклучително и подносителот на претставката.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е извршена дискриминација кон подносителот на претставката од страна на неговиот работодавач врз основа на негово лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи. Од утврденото произлегува дека не е идентификуван нееднаков третман, ниту понеповолно или различно постапување кон подносителот во однос на другите вработени. Имено, работните услови што се посочуваат како причина за поднесување на претставката важат за сите вработени во -----, што беше констатирано и при увидот извршен во просториите на клиниката. Во однос на необезбедувањето на посебна канцеларија за подносителот, како единствен професор на клиниката, се констатира дека тоа може да претставува повреда. Но, и покрај тоа, во постапката не беше утврдено дека оваа состојба произлегува од посочената дискриминаторска основа, туку од објективни околности – просторните капацитети на клиниката. Во таков случај не се исполнети елементите на дискриминација, имајќи предвид дека е детектирана единствено заштитна карактеристика, за која не е докажано дека е поврзана со работните услови што резултирале со наводен нееднаков третман. За да стане веројатно тврдењето за дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот кон потенцијалниот дискриминатор, согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже постоење јасна причинско-последична врска помеѓу дискриминаторската основа и настанатата повреда. Понатаму, за да постои веројатност за дискриминација, потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолното постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа.**

Во конкретниот случај подносителот како дискриминаторски основи ги навел лично својство и општествен статус, појаснувајќи дека тоа се должи на фактот што е прв директор на клиниката, има дадено значаен придонес за нејзиното основање и развој, и ја реализирал првата успешна -----. Со тоа тој создал претпоставка за дискриминација, која во текот на постапката беше побиена со аргументите на работодавачот и со наодите при непосредниот увид.

Оттука, не може да се заклучи дека наведената заштитна карактеристика е причината поради која подносителот се соочува со незадоволителни работни услови. Исто така, подносителот не докажал дека работодавачот постапувал кон него понеповолно во однос на други вработени кои биле во иста или слична ситуација, бидејќи сите работат во исти работни услови. Во недостаток на врска помеѓу дискриминаторската основа и повредата, како и во отсуство на докажано понеповолно постапување, не може да стане збор за дискриминација.

Од наведеното произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***на еднаква основа со други.*** *Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Поради образложеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- -----
- -----